**З А П И С Н И К**

**од 9-тата редовна седница на Советот на Општина Валандово одржана на 30.03.2022 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Советот на Општина Валандово.

Седницата започна во 12.00 часот.

Со седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Валандово, Владимир Марков.

На седницата присутни беа сите членови на Советот, Градоначалникот на општината г-дин Перо Костадинов и претставници од општинската администрација.

Седницата се снимаше од Радио Валандово и се пренесуваше во живо.

За работа на 9-тата редовна седница, Претседателот на Советот го предложи следниот

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за донесување на Генерален урбанистички план на Град Валандово, Општина Валандово;

2. Предлог - Одлука за утврдување на важност на Правилникот за начинот на функционирање, наградите, надоместоците и другите трошоци на „ФОЛК ФЕСТ“ Валандово 2020 година, со негови измени и дополнувања;

3. Предлог - Одлука за одобрување на финансиска помош на Лука Ристов од с. Јосифово, Општина Валандово за покривање на трошоци за лекување во странство;

4. Завршни сметки на СОУ„Гоце Делчев” Валандово за 2021 година;

5. Завршни сметки на ООУ„Јосип Броз Тито” Валандово за 2021 година;

6. Завршни сметки на ООУ„Страшо Пинџур” Јосифово за 2021 година;

7. Завршни сметки на ЈОУДГ „Калинка” Валандово за 2021 година;

8. Одлука на УО на ЈП „Комунален сервис” Валандово за отпис и расходување на основни средства и ситен инвентар;

9. Предлог - Одлука за пренесување на користење, одржување и управување на извршените реконструкции на објектот Детска градинка „Калинка“ Валандово, на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Калинка“ Валандово, Општина Валандово;

10. Предлог - Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Валандово во 2022 година;

11. Предлог - Решение за разрешување и за избирање на претседател на Советот за јавно здравје на подрачјето на Општина Валандово;

Беше отворена расправа по предложениот дневен ред.
Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и едногласно со 15 гласа ЗА, беше изгласан.

Пред да се пристапи кон работа по дневниот ред беше отворена расправа по записникот од 8-мата редовна седница на Советот.

За збор се јави Тоше Тодоров. Рече дека има забелешка на изготвувањето на записникот. Забележа дека дискусиите на советниците не се комплетни и некои зборови се извадени од контекст. Рече дека треба да се преслушува снимениот материјал, да се забележат целосно дискусиите и записникот да се доработи.

Претседателот на Советот Владимир Марков праша за која дискусија конкетно се работи.

Тоше Тодоров рече дека ова е општа забелешка.

Од страна на претседателот Владимир Марков на советникот Тоше Тодоров му беше укажано доколку има нешто да додаде или да смени да дојде во Општината и да го каже тоа, па истото ќе биде вметнето во записникот и истиот ќе се разгледа и ќе се гласа на наредната седница.

Се пристапи со работа по усвоениот дневен ред.

ТОЧКА 1

По Предлог - Одлуката за донесување на Генерален урбанистички план на Град Валандово, Општина Валандово, кратко образложение даде Ѓоко Аврамски, вработен во општинската администрација, во одделението за урбанизам. Рече дека се работи за плански опфат од 178 ха градежно земјиште кое е поделено на 34 блокови.

Градоначалникот Перо Костадинов зема збор.

Рече дека носењето на ГУП е еден тежок и макотрпен процес низ кој помина Општина Валандово во изминатиот период, а се спроведе по барање и потреба на сите граѓани на градот. Се добија сите можни согласности од надлежните институции, се заокружува целиот процес и по многу години Валандово добива сериозна урбанизација. Рече дека се надева дека за овој настан ќе нема дилеми и кај советниците од опозицијата и истите ќе покажат доблест и едногласно ќе гласаат за донесување на ГУП-от, а со тоа истивремено гласаат и за развој на Општината, за нашата иднина и иднината на нашите поколенија.

И од страна на претседателот Владимир Марков беа повикани сите советници едногласно да гласаат за донесувањето на ГУП за град Валандово.

Немаше други пријавено за дискусија па Предлог - Одлуката за донесување на Генерален урбанистички план на Град Валандово, Општина Валандово беше ставена на гласање и изгласана едногласно, со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 2

По Предлог Одлуката за утврдување на важност на Правилникот за начинот на функционирање, наградите, надоместоците и другите трошоци на „ФОЛК ФЕСТ“ Валандово 2020 година, со негови измени и дополнувања, образложение повторно даде градоначалникот на Општина Валандово. Рече дека после двегодишната пауза поради пандемијата со КОВИД 19, оваа година на 5-ти јуни ќе се одржи 35-тото јубилејно издание на фестивалот. Ќе се одржи една натпреварувачка вечер на која ќе се изведат 23 композиции. На фестивалот ќе му претходат две ревијални вечери кои ќе се одржат на градскиот плоштад и многу други активности кои ќе бидат во склоп на манифестацијата „Валандово – град на културата за 2022 година“. Во правилникот е наведена рамка во која треба да се вклопат сите трошоци, а истите се намалени, за хотелско сместување, за оркестарот, за аранжмани. Рече дека „Фолк Фест“ е гломазна манифестација и истата бара голема организација и повеќе јавни набавки кои во моментот течат и се спроведуваат од Општина Валандово. И за оваа точка тој ги повика сите советници едногласно да ја изгласаат.

Беше отворена расправа.

За збор се јави Јулија Тушевска. Од името на советничката група на ВМРО ДПМНЕ изјави дека ќе гласаат за Правилникот за Фолк Фест Валандово 2022 година бидејќи се за одржување на фестивалот, но ја искористи приликата да изрази жалење за двегодишната пауза на фестивалот и рече дека можело да се направат напори и да се изнајде начин да се одржи фестивалот и изминатите години како што се направија некои други фестивали. Но, таа посебно изрази жалење поради пропустот на општинската администрација што го промашила конкурсот на Министерството за култура и наместо за фолклорна дејност, аплицирала за музичко –сценска дејност. Поради тоа Општината сама треба да ги обезбеди сите средства за одржување на фестивалот бидејќи од Министерството за култура нема да добие ништо. Од градоначалникот побара да даде детално образложение за сите ставки и праша дали ревијалите вечери ќе влезат во програмата на фестивалот.

Градоначалникот зема збор. Рече дека се чувствува среќно што може да даде образложение на сите овие забелешки. Најпрво се осврна на забелешката за неодржувањето на фестивалот за претходните две години. Рече дека фестивалот се одложуваше поради пандемијата со КОВИД 19 и за тоа се носеше одлука за која гласаа и советниците од советничката група на ВМРО ДПМНЕ од претходниот состав. Забелешката дека можеше да се најде модус за одржување на фестивалот за време на пандемија како некои други фестивали (рече дека советничката најверојатно мисли на Макфест) не држи место, бидејќи Фолк Фест е еден од ретките фестивали кој се одржува во живо со оркестар од 30 луѓе кои истовремено се на сцена, а здравствените протоколи досега тоа не го дозволуваа. За промашување на дејностите во конкурсот на Министерството за култура рече дека информацијата (превземена од порталите) е погрешна и истата не одговара на фактичката состојба. Изрази длабоко жалење за непознавање од страна на советничката на дејноста во која спаѓа фестивалот. Дејноста на фестивалот е музичко- сценска, а не фолклорна како што се тврди и Општината со години наназад аплицираше за иста дејност и добиваше средства. Причината за одбивање на апликацијата не е поради тоа, туку затоа што Валандово е избран за „Град на култура за 2022 година“ и ќе се одобрат средства за таа намена, а фестивалот ќе биде дел од активностите кои ќе се одржуваат.

Јулија Тушевска се јави за контра реплика. Му се заблагодари на градоначалникот за тоа што им објасни што е музичко-сценска дејност, а што е фолклорна дејност и рече дека ќе дојде во Општината да провери зошто апликацијата е одбиена и зошто не е испратена жалба. За „Валандово-град на културата“ рече дека е запознаена, но не се согласува со тоа фестивалот да не добие воопшто средства од државата.

Градоначалникот повторно даде одговор на забелешките на советничката Јулија Тушевска. Рече дека требало таа да дојде во Општината и да се информира поради што апликацијата е одбиена и да види дека жалба на решението на Министерството е поднесена. Рече дека го очекувал ова и уште многу други прашања на кои има спремено одговор.

Јулија Тушевска се јави повторно. Рече дека ги поставила овие прашања поради тоа што сака да знае што се случува. Истакна дека фестивалот од страна на советниците на ВМРО ДПМНЕ секако дека ќе се поддржи бидејќи сите се залагаме Валандово културно да се воздигне, а со песните на фестивалот сите ние растевме во минатото.

Градоначалникот по трет пат се обрати и рече дека очекувал да биде пофален за успехот, за тоа што Валандово е избран за град на културата и да се пофали се што се прави за градот и само така ќе покаже дека е за. Доколку градот е „нападнат културно“ секој граѓанин на Општината треба да се потруди да го одбрани.

Немаше други пријавено за дискусија, па Предлог Одлуката за утврдување на важност на Правилникот за начинот на функционирање, наградите, надоместоците и другите трошоци на

„ФОЛК ФЕСТ“ Валандово 2020 година, со негови измени и дополнувања, беше ставен на гласање и едногласно, со 15 гласа ЗА беше изгласан.

ТОЧКА 3

По Предлог Одлуката за одобрување на финансиска помош на Лука Ристов од с.Јосифово, Општина Валандово и покривање на трошоци за лекување во странство, во износ од 40.000 денари, беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и едногласно изгласана, со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 4

По Завршните сметки на СОУ„Гоце Делчев” Валандово за 2021 година, образложение имаше директорката на училиштето Љубица Невеселова.

Беше отворена расправа. Никој не се јави за збор па Завршните сметки на СОУ„Гоце Делчев” Валандово за 2021 година беа ставени на гласање и едногласно усвоени, со 14 гласа ЗА. При гласањето советничката Мила Дончева беше изземена од гласањето, бидејќи истата ги имаше изготвено завршните сметки на сите училишта.

ТОЧКА 5

По Завршните сметки на ООУ„Јосип Броз Тито” Валандово за 2021 година беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор, па истите беа ставени на гласање и едногласно изгласани, со 14 гласа ЗА. Повторно советничката Мила Дончева беше изземена од гласање.

ТОЧКА 6

По Завршните сметки на ООУ„Страшо Пинџур” Јосифово за 2021 година, образложение даде директорот на училиштето Антонио Дилберов.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истите беа ставени на гласање и едногласно изгласани, со 14 гласа ЗА. Советничката Мила Дончева беше изземена од гласањето.

ТОЧКА 7

По Завршните сметки на ЈОУДГ „Калинка” Валандово за 2021 година, образложение имаше директорката на градинката Марија Тодорова Занова.

Беше отворена расправа.

За збор се јави Јулија Тушевска. На директорката и забележа дека претходната година, според планот, средствата за договорни услуги не им биле доволно и морале да се позајмуваат од други сметки, па праша дали оваа година се планирани повеќе средства со оглед на тоа што минатата година се исплаќани само 6.000 денари за договорни услуги, а и минималната плата е зголемена.

Директорката на градинката Марија Тодорова Занова на оваа забелешка одговори дека не е точно тоа дека се исплаќало по 6.000 денари. Со ребаланс на Буџетот сите средства се одобрени и исплатени за плата.

Немаше други пријавено за дискусија, па Завршните сметки на ЈОУДГ „Калинка” Валандово за 2021 година, беа ставени на гласање и изгласани едногласно, со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 8

По Одлуката на УО на ЈП „Комунален сервис" Валандово за отпис и расходување на основни средства и ситен инвентар, беше повикана да даде образложение директорката на ЈП Комунален сервис Емилија Заева Костова. Таа рече дека оваа листа е изготвена од страна на пописната комисија на ЈП Комунален сервис. Истата е презентирана пред УО и Надзорен одбор и во неа се содржани средства и инвентар кои немаат употребна и сметководствена вредност.

Бидејќи по отворената расправа, никој не се јави за дискусија, Одлуката беше ставена на гласање и Советот едногласно, со 15 гласа ЗА даде согласност на истата.

ТОЧКА 9

По Предлог – Одлуката за пренесување на користење, одржување и управување на извршените реконструкции на објектот Детска градинка „Калинка" Валандово, на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Калинка" Валандово, Општина Валандово, образложение даде Глигорије Џилвиџиев, вработен во општинската администарција. Информираше дека поради тоа што е завршена комплетната реконструкција на градинката преку пограничен проект на Општина Валандово со Р. Грција, потребно е да се направи примопредавање на истиот, за да не се води дупло сметководство.

Јулија Тушевска се јави за збор. Рече дека овој проект е од 2017 година од претходната власт, договорот е потпишан во 2018 година од страна на градоначалникот Перо Костадинов. Извршен е надзор на 29.09.2020 година, па рече дека сака да знае дали е направен технички прием, бидејќи таа има сознанија дека во некои од занималните кровот протекува. Праша дали системот на пелети е во функција бидејќи градинката се грее сеуште на нафта, фотоволтаичниот систем дали функционира, бидејќи во занималните нема топла вода и колку градинката има заштеда на електрична енергија, бидејќи систем за складирање сеуште нема изградено.

Глигорије Џилвиџиев даде појаснување дека проектот за реконструкција на градинката не е изработен ниту од претходната, ниту од сегашната власт, туку од Центарот за Југоисточен регион. Поради пандемијата проектот се заврши дури во декември 2021 година, а повратот на средствата на Општина Валандово е направен во февруари. Технички прием е направен. Системот за загревање е и на пелети и на нафта и затоа си продолжи да функционира на нафта, но може да се смени во секое време. На фотоволтаиците не се поставени акумулатори за електричната енергија, но сега е направен систем за пренесување на вишокот на енергија на ЕВН, а кога недостасува енергија, истата се враќа.Топла вода има и се користи од нив, со исклучок на краток период кога имало дефект кој сега е отстранет.

Претседателот на Советот Владимир Марков упати апел опозицијата добро да се информира и да не шпекулира.

Немаше други пријавено за дискусија па Предлог – Одлуката за пренесување на користење, одржување и управување на извршените реконструкции на објектот Детска градинка „Калинка" Валандово, на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Калинка" Валандово, Општина Валандово, беше ставена на гласање и изгласана едногласно, со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 10

По Предлог – Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Валандово во 2022 година, беше отворена расправа.

Немаше никој пријавено за дискусија, па предложената Програма беше ставена на гласање и изгласана едногласно, со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 11

По Предлог – Решението за разрешување и за избирање на претседател на Советот за јавно здравје на подрачјето на Општина Валандово, претседателот на Комисијата за мандатни прашања имаше излагање. Информираше дека предлог на комисијата е да се разреши д-р Силвана Петковска од претседател на Комисијата, поради нејзино заминување во пензија, а на нејзино место да се назначи д-р Мери Николова Гичева, вработена во Центарот за јавно здравје Струмица.

Немаше никој пријавено за дискусија, па дадениот прелог беше ставен на гласање и изгласан едногласно, со 15 гласа ЗА.

Со тоа дневниот ред беше исцрпен и 9-тата редовна седница на Советот на Општина Валандово беше заклучена.

Записничар — Совет на Општина Валандово

С.Х.Јовановиќ — Претседател

Владимир Марков